**20212924580**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 15 од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15, 39/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.150/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 21 декември 2021 година, донесе

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО РИБАРСТВОТО И АКВАКУЛТУРАТА ЗА 2021 ГОДИНА**

I

Во Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/21) делот I се менува и гласи:

Средствата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2021 година во вкупен износ од 55.000.000,00 денари, обезбедени согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 307/20 и 171/21) раздел 14004 - Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (во понатамошниот текст Агенција), потпрограма 20 - Финансиска поддршка во земјоделството, ставка 464 - разни трансфери во износ од 35.000.000,00 денари и согласно потпрограма 2А-Финансиска поддршка на рурален развој, ставка 489 - капитални субвенции за претпријатија и невладини организации во износ од 20.000.000,00 денари, ќе се користат според намените, критериумите и условите утврдени со оваа програма и тоа за:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Финансиска поддршка во рибарството | 13.000.000,00 |
| 2. | Финансиска поддршка во аквакултурата | 19.000.000,00 |
| 3. | Техничка помош | 500.000,00 |
| 4. | Пилот проекти | 2.000.000,00 |
| 5. | Развој на нови пазари и промотивни кампањи | 500.000,00 |
| 6. | Нереализирани обврски по однос на склучени договори и поднесени барања за исплата на средства од Програмите за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2019 и 2020 година | 20.000.000,00 |
| | Вкупно | 55.000.000,00 |

II

Во делот III во ставот (1) во воведната реченица износот „34.000.000,00“ се заменува со износот „19.000.000,00“.

Табелата се менува и гласи:

| 2. | Финансиска поддршка во аквакултурата | | |
|---|---|---|---|
| | Мерки | Опис | Средства |
| 2.1. | Финансиска поддршка за инвестиции во аквакултурата | 50% од вредноста на инвестицијата | 5.000.000,00 |
| 2.2. | Финансиска поддршка за порибителен материјал | 40% од вредноста на набавениот или сопствен подмладок | 14.000.000,00 |
| | Вкупно | | 19.000.000,00 |

III

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-12775/1
21 декември 2021 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Николовски,** с.р.